**Архивски бр.:** ИП1 17-96
**Дата:** 10.12.2024 година

Државниот инспекторат за животна средина преку Имрије Љума Мемеди со службена легитимација број 06-0002, изврши редовен инспекциски надзор во Правниот субјект Месна индустрија со трговија КАРНЕМ ДОО увоз-извоз с.Зубовце Врапчиште. Со Записник бр. 17-96 од 06.12.2024 година. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 42 став 1 точка 5 од Закон за управување со пакување и отпад од пакување Сл.Весник на РСМ бр., 215/21 донесе:

## РЕШЕНИЕ

СЕ ЗАДОЛЖУВА одговорното лице Александар Трпески - Управител на правниот субјект КАРНЕМ ДОО увоз-извоз с.Зубовце Врапчиште да преземе мерки за отстранување на недостатоците утврдени со записник бр. ИП1 17-96 од 06.12.2024 година и тоа:

1. Да се регистрира кај Стручниот орган (МЖСПП) согласно член 17 од Закон за управување со пакување и отпад од пакување Сл.Весник на РСМ бр., 215/21
2. Рок: 30 (триесет) дена од приемот на решението
3. Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина изврши редовен инспекциски надзор во Месна индустрија со трговија КАРНЕМ ДОО увоз-извоз с.Зубовце Врапчиште.. При надзорот беа присутни претставници од Државниот инспекторат за животна средина Имрије Љума Мемеди–Државен инспектор за животна средина-канцеларија Гостивар и Александар Трпески – Управител на Правниот субјект Месна индустрија со трговија КАРНЕМ ДОО увоз-извоз с.Зубовце Врапчиште.. Согласно редовниот инспекциски надзор се изготви Записник за констатација со бр. ИП1 17-96 од 06.12.2024 година.
При увидот на лице место е констатирано следното: Субјектот на надзор не е регистрирано кај стручниот орган во согласност со начинот и постапка утврдени со прописите за проширена одговорност на производителот за управувањесо посебните текови на отпад член 17 од Закон за управување со пакување и отпад од пакување Сл.Весник на РСМ бр., 215/21

Од погоренаведеното согласно Закон за управување со пакување и отпад од пакување горенаведениот субјект треба да се регистрира кај Стручниот орган (МЖСПП) согласно


Палата Емануел Чучков
Јордан Мијалков, 5-спрат, Скопје 1000,
Република Северна Македонија

Pallati Emanuel Cuckov,
Jordan Mijalkov, 5-kat, Shkup 1000)
Republika e Maqedonisë së Veriut

i.luma@sei.gov.mk
tel.076 446 263

член 17 од Закон за управување со пакување и отпад од пакување –Сл.весник на РСМ бр. 215/21.
Доколку субјектот не постапи согласно издаденото Решение на Државниот инспектор за животна средина и не ги отстранат причините за настаната состојба утврдени со решението , Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот прекршочен орган, согласно член 42 став 5 од Закон за управување со пакување и отпад од пакување Сл.весник на РСМ бр. 215/21.

Од погоре наведеното се донесе Решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против ова Решение согласно со членот 84 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/2019) може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина–канцеларија во Гостивар под број ИП1 17-96 на ден 10.12.2024 година.

Државен инспектор за животна средина
Имрије Љума Мемеди

Доставено до:
Архива
Месна индустрија со трговија КАРНЕМ ДОО увоз-извоз с.Зубовце Врапчиште.


ДржавенИнспекторат заживотна средина
Палата Емануел Чучков
Јордан Мијалков, 5-спрат, Скопје 1000,
Република Северна Македонија

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Pallati Emanuel Cuckov,
Jordan Mijalkov, 5-kat, Shkup 1000)
Republika e Maqedonisë së Veriut

i.luma@sei.gov.mk
tel.076 446 263